## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЗВАЊЕ ПОЧЕСЕН ДОКТОР ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НА ГОСПОДИН ДУШКО ГОЈКОВИЌ

На редовната 129. седница на Универзитетскиот сенат од 25.10.2016 год. е донесена Одлука бр. 0201-848/3 за формирање рецензентска комисија чија задача е изработка на реферат во кој треба да е формулиран заклучок по Иницијативата од Музичката академија за доделување титула почесен доктор (doctor honoris causa) од областа на музичката уметност на џез трубачот Душко Гојковиќ. Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му ја доделува оваа титула за неговите континуирани врвни достигнувања и особен придонес во областа на џез музиката.

Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Милица Шкариќ – претседател,
- проф. д-р Бранислав Саркањац – член,
- проф. м-р Антонијо Китановски – член,
- го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Душко Гојковиќ** е роден во 1931 година во Јајце, Босна и Херцеговина. Од 1948 до 1953 година студирал на Музичката академија во Белград, а потоа од 1961 до 1963 година на Berklee College of Music во Бостон, САД.

Од осумнаесетгодишна возраст настапувал со ревискиот оркестар и биг бендот на Белградското радио. Првпат настапувал во САД во 1958 година на Newport Jazz Festival како член на Marshall Brown’s International Youth Band.

Од 1955 година до денес соработувал со голем број легендарни џез музичари меѓу кои се вбројуваат: Dizzy Gillespie, Gerry Mulligan, Stan Getz, Sonny Rollins, Lee Konitz, Chet Baker, Woody Herman, Johnny Griffin, Mal Waldron, Phil Woods, Tommy Flanagan, Kenny Clarke, Sal Nistico, Slide Hampton, Miles Davis и Kenny Barron.

Гојковиќ бил постојан член на оркестрите на Maynard Ferguson (1963-1964), Woody Herman (1964-1966), Clarke-Francy Boland Big Band (1968-1973). Низ целата кариера настапувал со голем број реномирани оркестарски формации како солист и композитор/аранжер.

Неговиот композиторски опус е забележан на триесетина авторски албуми и барем уште двојно повеќе на кои се јавува како гостин. Ќе наведеме само неколку наслови на композиции кои се наоѓаат на овие носачи на звук, дистрибуирани на сите континенти, и се особено битни за афирмација на македонската музичка традиција: Macedonian Fertility Dance; Wedding March Of Alexander The Macedonia; The Nights of Skopje; Old Fisherman’s Daughter; Macedonia; Ohrid.

***Творештво***

Хронологија на авторските изданија со нивните оригинални наслови:

- 1966 г.: Belgrade Blues (with Sal Nistico and Carl Fontana)
- 1966 г.: Swinging Macedonia (with Nathan Davis, Mal Waldron)
- 1966 г.: Take Me in Your Arms
- 1970 г.: As Simple As It Is
- 1971 г.: It’s About Blues Time
- 1971 г.: Ten To Two Blues (with Tete Montoliu)
- 1971 г.: After Hours
- 1974 г.: Slavic Mood
- 1975 г.: East of Montenegro / Live at the Belgrade Jazz Festival
- 1977 г.: Wunderhorn

- 1979 г.: Trumpets & Rhythm Unit
- 1983 г.: Blues in the Gutter
- 1983 г.: A Day in Holland (Nilva Records)
- 1983 г.: Adio-Easy Listening Music (PGP RTB)
- 1983 г.: Snap Shot
- 1987 г.: Celebration (DIW, with Kenny Drew, Jimmy Woode, Al Lewitt)
- 1992 г.: Balkan Blue
- 1994 г.: Soul Connection
- 1995 г.: Bebop City
- 1996 г.: Balkan Connection
- 1997 г.: Nights of Skopje
- 2001 г.: Portrait
- 2001 г.: In My Dreams
- 2003 г.: Samba Do Mar
- 2005 г.: A Handful o' Soul
- 2006 г.: Samba Tzigane
- 2008 г.: Balkan Project feat. Tony Lakatosh, Claus Reible, Martin Gjakonovski, Mario Gonzi & Soul Connection Big Band
- 2010 г.: Summit Octet: 5ive Horns & Rhythm
- 2011 г.: Tight But Loose (with Scott Hamilton)
- 2013 г.: The Brandenburg Concert - "Dusko with strings"
- 2014 г.: Latin Haze, со биг бендот на Белградското радио и Мартин Ѓаконовски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Полувековниот опус на Душко Гојковиќ како инструменталист, композитор и аранжер од највисок ранг, неговиот особен музички израз и постојана присутност на светската сцена преку неговата изведувачка и дискографска активност на сите континенти на планетава придонесе неговото име да се вбројува меѓу великаните на џезот. Тој со својата работа се издвојува како најреномиран музичар од Балканот во сферата на џез музиката. За нас е од особено значење афирмацијата на македонската музичка традиција и култура преку употреба на ритмичко-мелодиски структури карактеристични за нашето поднебје, вткаена уште во неговите најрани дискографски остварувања. Универзалноста на џез музиката, која големиот Дјук Елингтон ја нарекувал „музика на човековиот род", придонесе токму преку делото на г. Душко Гојковиќ, раме до раме со делото на доајенот на македонскиот џез Драган Ѓаконовски-Шпато, да биде збогатена и со традиционалните структури на македонската музика. Неговиот особен музички израз е инспирација на неброени млади музичари од сите меридијани и со тоа неговиот придонес може уште денес да се мери децении нанапред.

Големи се честа и задоволството на оваа Рецензентска комисија да препорача на г. Душко Гојковиќ да му се додели титулата почесен доктор (doctor honoris causa) од областа на музичката уметност од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милица Шкариќ – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Бранислав Саркањац – член, с.р**
**Вон. проф. м-р Антонијо Китановски – член, с.р.**